**20250250568**

## АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Врз основа на член 95 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на РМ бр.37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18, 113/18 и 124/19), Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, на седница одржана на ден 22.1.2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАСИРАЊЕ НА АКТИВНИТЕ ПРОГРАМИ И МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Висината на средствата за финсирање на активните програми и мерки за вработување се утврдуваат на 42,75 % од месечно остварениот приход од придонесот за вработување и се издвојуваат на потсметка на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија наменета за активни програми и мерки за вработување, најдоцна до 30-ти во месецот за претходниот месец.

Член 2

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е должна издвоените средства да ги користи исклучиво за намените утврдени со член 1 од оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува почнувајќи со месечно остварениот приход од придонесот за вработување во месец јануари 2025 година.

Бр. 02-189/3
22 јануари 2025 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Борче Георгиевски**, с.р.